**Известување за концентрација со која Јунајтед Медиа С.а р.л. Луксембург има намера да стекне самостојна контрола над друштвото ТОПЊУЗ.СИ д.о.о. Република Словенија**

**(предмет бр. 08-88/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 27.05.2024 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Јунајтед Медиа С.а р.л. (United Media S.à r.l.), со регистрирано седиште на адреса Руе Жан Моне 6, Л-2180 Луксембург над друштвото ТОПЊУЗ.СИ д.о.о. (TOPNEWS.SI d.o.o.), со седиште на Улица Метода Микужа 18, 1000 Љубљана, Словенија преку стекнување на 100% од уделите во Целното друштво.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

Јунајте Медиа С.а р.л. е во крајна сопственост на фондови советувани од БЦ Партнерс (BC Partners), меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневното управување на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

БЦ Партнерс има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку следните индиректно зависни друштва: i) ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на Булевар Партизански Одреди бр. 17, 1-001/ Скопје - Центар, Северна Македонија, кое се бави со дејности на дистрибуција на медиумски содржини преку DTH технички платформи, ii) ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Коста Веселинов бр. 5-1 локал 2/ Скопје- Центар, Северна Македонија, кое се бави со маркетинг дејности, односно со откуп и продажба на рекламен простор во печатени и електронски медиуми, и iii) УГИ ФИБЕР ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Булевар Партизански Одреди бр. 14, Скопје - Центар, Северна Македонија, кое се занимава со дејности на сателитска телекомуникација.

ТОПЊУЗ е друштво со ограничена одговорност основано во Словенија. Целното друштво е сопственик на два интернет портала www.topnews.si и www.topnovice.si, кои пред се споделуваат вести од Словенија и странство, како и на телевизискиот канал ТОП ТВ (TOP TV), кој се емитува само на Youtube платформата.

ТОПЊУЗ нема зависни друштва во Северна Македонија и во претходната година не остварило приходи во Република Северна Македонија.

Подносителот предлага релевантиот пазар на стоки да се дефинира како:

- *пазар за услуги на интернет портали со општа содржина*;
- *пазар за производство и емитување на телевизиски канали*; и
- *пазар за продажба на простор за огласување на интернет*.

Што се однесува до географскиот опфат на релевантниот пазар за предметната

концентрација, Подносителот предлага релевантниот географски пазар да се дефинира како *територијата на Република Северна Македонија*, иако не постои било какво хоризонтално преклопување помеѓу Учесниците на пазарот во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

04.06.2024 година
Скопје